**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Педесет и третата и седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Радко Димитриески, Хани Незири, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Зоран Витанов, Бесим Догани, Катерина Димесвска, Фијат Цановски, Кенан Хасипи, Данаел Дончев Марјан Додовски, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Стојан Андов, Агрон Буџаку, Азис Положани, Рафис Алити, Ајше Селмани, Блерим Беџети, Хазбие Ибиши, Абдуладиi Вејсели, Весна Јаневска, Горан Мисовски, Иван Столиковиќ, ме Известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 18 - Предлог за донесување на закон за инвалидски организации, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјалн аполитика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, како што е вообичаено како предлагач на овој закон Министерството за труд и социјална политика, би сакал на почетокот да дадамнеколку уводни напомени и во делот што значи оцена на сегашните состојби во оваа област и она што значи понудени решенија со овој закон кој што е денес на дневен ред.

Потребата произлезе заради фактот што во реалноста сега имаме скоро 300, можеби и повеќе од 300 регистрирани здруженија кои што се регистриранисогласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, здруженија кои што при регистрацијата искажуваат волја да се занимаваат со прашањата и пробелмите на лицата со инвалидност, но во практиката се случува тоа да иако имаме толкав голем број на регистрирани здруженија оценка е дека лицата со инвалидитет не ги остваруваат успешно своите права за кои што се борат цело време односно да се здобијат со поголеми права и организирано да можат да влијаат на подобрување на животот на лицата со инвалидитет и други прашања кои што се од нивен личен интерес.

Често пати овие здруженија се формирани, условот во законот е најмалку 5 лица да можат да основаат согласно Законот за здружение на граѓани и фондации такво здружение, но праксата покажува дека најголемиот бропј од овие здруженија се бават со многу други работи, а најмалку со работите кои се во интерес на лицата со инвалидност односно во смисла на подобрување на квалитетот на нивното живеење.

Затоа и практично се појави потребата од донесување на посебен закон со кој што закон точно ќе се дефинира кој од овие регистрирани здруженија практично ќе има статус на инвалидска организација имајќи ги предвид пред се спецификите на лицата со инвалидност.

Значи, воопшто овде не станува збор за негирање или за ставање вон сила на одредбите на Законот за здруженија на граѓани и фондации, и понатаму граѓаните слободно ќе се здружуваат и ќе регистрираат здруженија преку овој закон, но ние со овој предложен закон кој што е денеска пред вас практично кажувам кои услови треба тие здруженија да ги исполнуваат за да добијат статус на инвалидска организација, кои услови треба да ги исполнуваат за да се здружат на национално ниво, во национална инвалидска организација или во совет на национални инвалидски организации се со цел од една страна да дојде до окрупнување и можност лицата преку овие здруженија поуспешно да се борат за остварување на своите права, а од друга страна точно да работат на она што значи специфики на лицата со инвалидност, познавајки ги пред се нивните потреби, а тоа Законот го утврдува преку фактот што 90% од лицата кои ќе членуваат во овие инвалидски организации треба да бидат лица со инвалидитет, односно со инвалидност, за разлика од сегашната состојба каде што иамме здруженија кои што воопшто немаат, или многу малку имаат лица со инвалидност и нормално се поставува прашањето како тие успешно ќе се борат за правата на инвалидните лица до колку во својот состав за здружение немаат опфатено такви лица.

Значи, практично за овој закон ние сакавме да добиеме мислење од сите релевантни институции и тоа го направивме. Овој закон е доставен освен до надлежните министерства, доставен е и до инвалидските организации, до сојузите, до сите оние кои што можеа да дадат придонес во решенијата на законот и можам да кажам дека во најголем број од понудените забелешки беа прифатени и вградени во Законот, не сите, најголемиот број, а инаку ние со сигурност констатиравме дека ваков закон, со вакви решенија има Република Бугарија и Република Словенија.

Неколку збора за содржината на законот.

Со овој закон се регулира дека инвалидската организација за да може да добие статус на инвалидска организација треба најмалку 90% од лицата што се во таа организација да бидат лица

со соодветен инвалидитет, зависно за какво здружение се работи. Тие можат да се здружуваат на републичко ниво, да делуваат здужени на републичко ниво преку формирање и основање на национална инвалидска организација, а националните инвалидски организации зависи за кои специфики се работи може да се здружуваат и да формираат совет на национални инвалидски организации.

Тие се регистрираат како непрофитабилни организации, иако во некои случаи може да имаат и профитабилна дејност, меѓутоа ќе се финансираат, нема да имаме дополнителни фискални импликации во Буџетот, туку ќе се финансираат од чланарината, од одредени давачки на игрите на среќа, прифаќањето на соодветни програми кои тие ќе ги понудат, финансирање на нивни програми, со еден збор на оној начин како што и досега практично се финансираат овие здруженија кои се регистрирани како инвалидски организации.

Со овој закон ние сметаме дека ќе се добие една соодветна сила на овие организации да можат многу ппоуспешно да се борат за правата на лицата со инвалидност, многу поуспешно отколку што се правеше тоа до сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, господине министер,

За да немаме дилеми веднаш на почетокот да кажам дека Предлогот на законот за инвалидски организации не сте го маркирале со ознака дека станува збор за закон кој е составен дел од националната стратегија за усвојување и хармонизирање на македонското законодавство со европското.

Значи, токму она што сакам да говорам е дека во овој момент не постои нити оправдување, ниту реална причина од донесување на ваков закон. Не само што не постои причина, туку работата е многу посериозна.

Овој закон до колку обезбедите, во што не се сомневам поддршка од пратениците од владеачкото мнозинство бидете убедени дека ќе ви падне на Уставен суд.

Господине министер убедена сум согласно вашиот минат труд во облста на социјалната политика дека и вие знаете дека Предлогот на законот кој го доставувате е апсолутно непотребен и апсолутно противуставен.

А сега малку сакам да елаборирам околу фактите кои говорат во прилог на ова што го тврдам.

Како уставна и законска основа за донесување на законот за инвалидски опрганизации во вашиот предлог наведувате членот 35 од Уставот на Република Македонија кој гласи: “Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот”.

Смислата на овој цитиран член од Уставот подразбира обезбедување на комплетна заштита на инвалиднит елица на државно ниво, нормирана и спроведена низ низа посебни законски акти, низ правните механизми на државните институции и тоа во разни сфери, во сфера на социјална заШтита, образование, вработувања на инвалидни лица и т.н. и т.н.

Она што денес вие ни го нудите е закон кој ќе ги научи инвалидните организации како да се здружуваат? Па, веќе постои таков Закон и се вика Закон за здружение на граѓани и фондации.

Во овој закон не нудите во ниту една сфера подобрување на условите за животот и заштита на нивното достоинство на лицата со хендикеп. Напротив, само правно нормирате начин на кој тие ќе се здружуваат, а веќе се здружени и години опстојуваат на ниво на невладиниот сектор во Република Македонија.

Прашање е дали е согласно член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија - државата е должна да обезбеди заштита на инвалидните лица со законска интервенција во сферата на граѓанскиот сектор, а согласно демократските начела на цивилното и граѓанското општество на штопак упатува членот 20 од Уставот на Република Македонија кој гласи “на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остварување и заштит ана нивнит еполитички, економски, социјални, културни и други права и уверувања”.

Законската конкретизација на именуваниот член од Уставот на Република Македонија претставува Законот за здуженија на граѓани и фондации и практично со предлагањето на овој важен закон би се создал паралелизам по правното нормирање во сферата на невладиниот сектор, што е спротивно на уставните начела и Законот за здруженија на граѓани ифондации.

Не е прифатливо од ниту еден уставно-правен аспект, ниту пак од аспектот на градење на слободно граѓанско општество да постојат два паралелни закони што третираат и нормираат еднаква иста област.

Интенцијата на предлагачот на законот, Владата на Република Македонија на таков начин да регулира состојба во областа на човековите права и граѓанското општество претставува ни помалку ни повеќе нормативно институционален упат од државно на невладино ниво.

Значи, повторно во сила е намерата коај веќе 14 месеци ја спроведува Владата на премиерот Груевски, воспоставување на политичко партиска контрола во сите сегменти од општественото живеење, па и воневладиниот сектор.

До толку повеќе што фактот дека сите постоечки и евентуално нови здруженија на граѓани особено на лица со хендикеп можат и во овој момент не сметано и без постоење на овој закон за инвалидски организации да постојат , да се регистрираат и да егзистираат, па и да се унапредуваат согласно членот 20 од Уставот на

Република Македонија и членот 72 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Понатаму, предлагачот односно Владата на Република Македонија воопшто не ги напоменува и останатите меѓународно правни регулативи занемарувајки цела плејада ратификувани конвенции од Република Македонија од конкретната област за заштита на човековите права, а истите се дел, веќе претставуваат дел од нашиот внатрешен правен поредок.

Сите знаеме дека Македонија ја потпиша Конвенцијата за заштита на правата на лицата со хендикеп, но ова Собрание сеуште ја нема ратификувано. Ког акако министер за труд и социјални работи говорите дека имате интенција да го подобрувате животот на лицата со хендикеп очекувам од вас од оваа говорница да предложите итно ратификување на конвенцијата за заштита на правата на лицата со хендикеп.

Знам дека нема да добијам одговор и знам дека интенцијата не ви е тоа. Интенцијата ви е нешто сосема друго. Интенцијата е да направите упат во начинот на здружување на лицата со хендикеп, бидејки ако имавте намера навистина да го подобрите нивниот живот тогаш зошто оваа Влада не предложи, со оглед на тоа што во минатиот парламентарен состав веќе помина првата фаза од Предлогот на законот за заштита на правата идостоинството на лицата со хендикеп, ние како нов  парламентарен состав да го усвоиме тој Предлог на закон. Тогаш ќе можеме да говориме дека навистина сме сториле исчекор во подобрувањењто на условите за живот на лицата со хендикеп.

Причините за донесувањето на законот евидентно ви се произволните и неаргументирани оценки и ставови во наведувањето на причините користите негативно критички приод кон законските одредби и можности согласно законот за здуженија на граѓани и фондации, а кои се однесуваат на општите правила за формирање на здружение на граѓани и сугерирате дека со така предвидените решенија кои опстојуваат во тој Закон по стапувањето на законот во сила енормно би се зголемил бројот на здруженијата на граѓани со што, тоа е ваша претпоставка би се нарушил квалитетот и смислата на постоењето и работењето на невалдиниот сектор. По којзнае кој пат, ќе го споменам Законот за здуженија на граѓани и фоднации.

Имавме одличен нов предлог на закон за здружение на граѓани и фондации, па вие почитувани колеги од владиното мнозинство по налог на Владата на Груевски го повлековте. Вие им рековте на граѓанската платформа на Република Македонија дека ќе го доставите на разгледување најдоцна до месец мај 2007 година, а сега сме веќе длабоко завлезени во октомври 2007 година. Немате намера да го донесете тој закон, а тој е нависитна европски закон и тој е закон зад кои стојат огромниот број на невладини здруженија. И да потсетам, токму таму во тој нивни предлог ќе можеме за прв пат да регистрираме здружение на граѓани од јавен интерес како приоритет. Значи ќе ги оделиме обичното здружување согласно интереси и потреби од здруженијата на граѓани кои ќе работат од јавен интерес, како што впрочем се и здруженијата на лицата со хендикеп.

Со тој нов закон би им овозможиле независност, практички независност од политичко влијание, би овозможиле начин да се самофинансираат. Нема поголема независност до колку здруженијата и невладините организации не зависат финасиски од Владата на Република Македонија. Но, намерата е сосема спротивна, намерата е да ги држиме во финансиска зависност, за да можеме да манипулираме. И, сега, по разни потреби ќе пуштаме Гласот на светлината, Здружението на граѓани за хумано здравство и што ли не, овде почитувани колеги кои се бавеле и работеле во невладиниот сектор, а сега имаат драстично висока функција и седат во предните редови на ВМРО-ДПМНЕ. Претпоставувам дека тие оставиле и се вмрежиле добро во одреден број на не невладини, на владини организации. И, бидејќи претпоставувам го нема најавуваниот закон за невладини организации, сега ќе ни доставите закон за владини организации. Не е добро, не оди во прилог на демократизацијата на Република Македонија, не оди добро и не ни оди во прилог при оценувањето на степенот на демократичноста на Македонија како општество, а токму под таков мониторинг сме. До колку предлагачот на законот бил на мислење дека законот за здруженија на граѓани и фондации се злоупотребува, како што и наведувате во причините, зошто како извршна власт во Република Македонија не покренете иницијатива за оценување на законитоста и целисходноста на работењето на здруженијата, како и на уставноста и законитоста на нивните акти во контекст на делокругот на функционирањето и извршувањето на нивните статутарно програмски принципи, со што на еден легитимен, на еден процедурален начин би ја оцениле евентуалната злоупотреба на таков тип на невладиниот граѓански сектор во Република Македонија.

Исто така, како предлагач на овој закон сметате дека проблемот  во невладиниот сектор е во законски определениот број на основачи кои можат да основаат здружение на граѓани, зошто наместо да ни доставувате нов Предлог-закон за инвалидски организации, не доставивте Предлог на закон за измени и дополнување на постоечкиот Закон на здруженија на граѓани и фондации како лекс генералис и истата да ја спроведете низ предвидената законска и уставна процедура, а не да креирате нов законски текст, кој апсолутно не имплицира насоки за подобрување на статусот на здруженијата на лицата со хендикеп.

Со таквиот начин на вметнување на паушални оценки од страна на вас како предлагач, се формира негативна практика во колективна одговорност. Значи, по 17 години постоење, навистина оваа Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ на голема врата ја промовира

колективната одговорност како принцип на делување. Значи, не одговара бројот на лицата кои можат да се јават како основачи, апсолутно имплицирате злоупотреби во цел невладин сектор. Не само што е паушално, туку е и многу несериозно. Предлагачот, иако во својот Предлог-закон не понудува и не повикува на прецизна анализа на оценката на состојбите со евидентирани факти и статистички податоци, врши дескриптивна евалуација на состојбата од аспект на придонесот на некои нови и идни здруженија на граѓани и притоа не се повикува дури ни на релевантни извори од каде ги црпел овие податоци, извештаи од владиниот и интервладиниот сектор, со што се става предлагачот во улога на непостоечко ексклузивно тело за оценка на релевантноста и успешноста на работа на здруженијата на граѓани и фондации во Република Македонија.

Исто така, како предлагач се повикувате на измислена практика на прост препис на статутите и програмите на здруженијата на граѓани и фондации. Вие како државен орган треба апсолутно да бидете запознати со условите за регистрирање на здруженијата на граѓани и фондации. И, во моментот кога се усвоија последните измени, добро се сеќавам дека направивте двојност во тој закон. Тоа се однесуваше, особено на делот на начин на кој се расформира здружение на граѓани и наинот на кој ќе се управува со нивниот имот. Иако, оставивте во постојното решеие, согласно со кое во Статутот беше нормирана постапката за распределба и располагање на имотот на здружението на граѓани и фондации, вие ставивте и нова одредба и во тој закон имате двојност. И, во тој закон прекршивте Устав. И, не знам уште колку закони ќе ни понудите каде што навистина апсолутно со неподнослива леснотија ги кршите уставните принципи со една цел, комплетна контрола на невладиниот сектор во Република Македонија. Се сеќавам, тогаш велевте, овој предог за измени и дополнувања се однесува само за усогласување на постојниот закон согласно Законот за едношалтерско работење и Централниот регистар на Република Македонија, а суштински го изменивте и сеуште опстојува. Дури добро се сеќавам дека не ја изменивте одредбата, согласно која, за да се формира фондација требаше да има основачки влог од 10 илјади марки и не го усвоивте мојот амандман каде што предлагав 10 илјади марки да се замени со 5000 евра. Значи Македонија и се е можно господине Мешков, министер за труд и социјала. Морав да ве потсетам, едвај чекав.

Како еден од условите за регистрација согласно Законот за здруженија на граѓани е поднесување на статут на Здружението на граѓани, а оценката на уставноста и законитоста е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија. Вие како предлагач на законот да инвалидски организации, не можете да тврдите дека постои таков прост препис на статутите без да наведете аргументи на макар два случаи. Наведете ги со име и презиме здруженијата на граѓани при регистрацијата имате и свој назив. Притоа, се повикувате на ендемините програми на здруженијата на лицата со хендикеп што постоеле повеќе од 30 години во Република Македонија. Некоректно е да се тврди такво нешто, со оглед на фактот дека материјата на правата на лица со хендикеп примарно се развива врз принципите на демократичност и профилација на нова човекова димензија, согласно процесот на градење на слободно граѓанско цивилно општество.

Она што особено ме зачудува во причините, кои ги наведувате за донесување на законот е наведувањето на историјатот и развитокот на определени здруженија на граѓани, занемарувајќи го фактот, премолчувајќи го фактот дека истите тие здруженија биле и го дини се финансираат од Буџетот на Република Македонија, со што им се создала одлична можност за градење систем и механизми за заштита на лицата со хендикеп, од кои секако сте очекувале, но веруваме и сте добиле определени резултати. Пред осамостојувањето на Република Македонија на плуралитетот на граѓанскиот сектор на многу софистициран начин беше занемарен без да се создадат социо правни претпоставки за формирање на нови здруженија на граѓани. Неоснованото аргументирање дека наведените здруженија на граѓани функционирале веќе 50-тина години и поради тоа, формирале квалитетна структура и потенцијал за реализација на своите програми, воопшто не е сериозно и суштинско бидејќи истите тие здруженија функционирале и во различен социо политички систем со различна перцепција за човековите права и нивна валоризација како императив на демократските општества. Но, ние веќе 17 години тврдиме дека добро ни оди демократизацијата на нашето општество. Ние тврдиме дека секој ден сме чекор понапред во ослободувањето на стегите што сме ги имале историски во нашата свест. И, како дигресија би напоменала дека тогаш воопшто не била ратификувана Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи од 1950-та година, што самото по себе говори за генезата развојот и практицирањето на демократските вредности во делот на човековите права и слободи.

Навистина, по осамостојувањето на Република Македонија, новите здруженија на граѓани не кумулираат толкаво долгогодишно исуство, но тоа имаше и позитивен ефект, бидејќи самите слободно профилираа и самите се изборија за својот дел во општеството во Република Македонија преку квалитетно и иновативно извршување на своите цели и задачи, посебно преку креирањето на демократското миље и влијание во невладиниот сектор. Во оваа смисла не треба да се занемари фактот дека лицата со хендикеп кои ги формираа, условно кажано новите здруженија произлегоа од веќе постојните здруженија на лицата со хендикеп и некои имаат своја веќе 50-годишна историја. Затоа и аргументот дека само тие здруженија со лицата со

хендикеп е злонамерен, дека само тие здруженија со 50-годишен историјат се релевантни и способни, а другите им имплицирате соодветна можност за злоупотреби, е злонамерен, тенденциозен и невистинит.

Предлагачот, односно вие господине министре децидно наведувате дека работењето на инвалидските организации треба да биде нормирано со посебен закон, бидејќи со постојниот закон не можат да се опфатат сите специфики на лидата со хендикеп, повторно сугерирана на комплетна контрадикторност во нормативна смисла. За донесување на ваков закон немате уставна и законска однова, најмалку пак потреба, за што зборува и самата формулација во последниот став од член 36 од вашиот Предлог на закон кој гласи: “Во овој закон целосно се применуваат и важат одредбите од Законот на здруженија на граѓани и фондации”. Навистина, мислам дека тука треба да застанеме, бидејќи секој кој имал можност да го отвори, ќе види дека започнувајќи од член 2, каде што говорите што е тоа инвалидска организација, наведувате дека на инвалидските организации се применуваат одредбите од Законот на здруженија на граѓани и фондации. И во мал милион натамошни членови, вие со новиот закон за инвалидски организации само упатуваете повторно на законот за здруженија на граѓани и фондации.

Да не трошиме време, да не трошиме средства. Да не трошиме навистина драгоцено време, драгоцена можност да работиме на посериозни закони обележани со Европска унија. Господине Мешков, имате време, предлогот што го дадовме на интерпарламентарната група за помош на лицата со хендикеп беше. Мислам дека колегите и од владеачкото мнозинство кои учествуваат во работата беа согласним, овој закон да го повлечете и да ни го доставите во две фази. Да ја вклучиме, не како што вие велите, се чуле на телефон со определени инвалидски организации, цело време говорам за материјал потпишан од релевантните инвалидски организации, здруженија на лица со хендикеп. Тие не го сакаат овој закон. Тие ќе го оспорат доколку го донесете пред Уставниот суд. За кого го носиме овој закон? Кому му треба овој закон, освен ако не на Владата на Република Македонија и на ВМРО-ДПМНЕ. Не им треба на инвалиските организации. Дозволете, дајте простор да оди во две вази и навистина да вклучиме релевантни експерти од оваа олбласт, да им дадеме можност на лицата со хендикеп да не убедат дека постои апсолутна потреба на овој закон. Како што вие не убедувате дека сте се консултирале со нив, јас ве убедувам со потпис и печат од лицата кои се здружени со лицата со хендикеп, дека не им треба овој закон. Значи, очекувам сериозен пристап, вратете го законот барем во две фази. Ќе добиеме време и се надевам дека ќе увидите, законот што денес ни го предлагате апсолутно не држи место.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за труд и социјална политика.

Потоа, реплика ќе има Анета Стефановска и госпоѓа Јакимовска ќе има збор.

Сега, предност има минситерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Јас не знам дали колешката поинаку ќе зборуваше ако и беше познат фактот дека овој закон кој денес е на разгледување го подготви во целост поранешната Влада, во која што мнозинство имаше токму нејзината партија. Тој закон беше и во Собрание пуштен, меѓутоа оваа Влада кога дојде го повлече законот, со цел да го преиспита и да види дали има нешто што треба да се дополни, дали треба да оди или не. Ние оценивме дека решенијата во тој така предложен закон се добри и да не речам 95% го пуштивме со истиот текст кој што беше од претходниот министер и од предходната Влада подготвен овој закон. Но, без разлика на тоа, ние сметаме дека решенијата во тој закон се добри и реков во која насока и за која цел одат и што треба тие решенија да придонесат во иднина.

Уставноста не е во прашање, затоа што Уствот зборува за здружување, за право на здружување. Тоа право никој никому, ниту му го ускратугв, ниту може да му го ускрати. Тие здруженија можат и понатаму да се регистрираат по закон за здруженија на гтраѓани. Но, некој навистина да се бори за интересите на инвалидите, треба да исполни одредени специфики во овој закон кои што одат во насока дека тие најдобро ќе можат да работат за интересите на инвалидските организации, односно на инвалидите, а состојбите практични кои што ги искажуваме се тие. Значи 400 и кусур има здруженија, некаде човек здружение, некаде здружение во кое нема ниту еден инваалид, инвалидно лице, како тие можат успешно да се борат за своите права.

Колешката го спомна законот кој беше предложен од Полио плус, законот не го повлече ниту министерот, ниту Владата, законот го повлече предлагачот. Заради нејзино информирање ние со предлагачот континуирано вршиме средби, се договараме како да направиме најадекватни решенија и веднаш после усогласувањето со полио плус, ќе го доставиме во закон. Сегашната пауза од последната средба е резултат на нивното недоаѓање и не знам од кои причини, ќе видиме, но неколку средби се одржани и тој закон штом се усогласи со Полио плус ќе биде пуштен во собраниска процедура.

Овие начини и форми на здружување кои се предложени во законот, никој никого не присилува, здруженијата и понатаму можат да си работат онака како што се регистрирани и дури ќе бидат финансирани, иако не се здружени во национална инвалидска организација во Советот на инвалидски организации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Весна Бендевска има контра реплика.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Немојте господине министер денес да говориме кој го напишал предлогот. Не е битно кој го напишал, туку кој го доставил и кој има намера буквално да го легализира преку ова Собрание. Тоа сте вие. Министер за труд и социјална политика. Значи, немојте да се амнестирате, носиме сериозен закон кој е противуставен.

Второ, кога говорите за Предлог-законот за заштита на правата и достоинството, иако не бев член во минатиот Парламентарн состав, моите сознанија велат дека првата фаза помина, а до втора фаза не дојде, заради сериозните буџетски импликации, требаше да биде предвиден од наредниот буџет. Имате преголем буџет, го трошите на макретинзи, дел од тој ако успеете да пренамените кон лицата на кои им требаат пари, а тоа се лицата со хендикеп, бев убедена дека денес ќе говоревме толму за овој закон, за кој ќе имавте комплетна поддршка и од страа на опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Анета Стефановска има реплика.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувана пратеничке Бендевска. Јас многу жалам што навистина се јавувате за нешто за што навистина не сте стручњак, бидејќи вие сте дипломиран психолог, колку што јас знам. Ние не можеме само по број на јавувања да се гордееме овде, туку треба да знаеме и што зборуваме. Зошто ова го зборувам? Зарди тоа што сакам да слушне јавноста.

Прво, се случите со термин за лица со хендикеп. Тоа се лица со посебни потреби по новиот термин. Значи, не ги знаете ни термините.

Потоа, ќе го повторам и она што Министерот го кажа. Тоа е ваш закон, предложен од вашата Влада и како добро решение понуден и сега од оваа Влада и треба да го прифатите.

Инаку, заради тоа што треба да слушне јавноста дека овој закон е навистина добар, причините поради кои треба да се донесе овој закон се: бидејќи Предлогот за донесување на закон за инвалидски организации, со Предлог на закон, земени се во предвид Закон за здруженијата на граѓани и фондации, Резолуцијата на Обидинетите нации за стандардни правила за изендачување на можностите за лицата со инвалидност, Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија (“Службен весник” од 2001 година) и со формирањето со новите здруженија праксата покажа дека не се подобри состојбата на лицата со инвалидност и нивните организации, туку напротив, голем број од новоформираните здруженија на лицата со инвалидност се формирани за задоволување на најразличните интереси, за жал, најмалку за интересите на лицата со инвалидност. Затоа е потребно работењето со инвалидските организации да биде регулирано со посебен закон, бидејќи со постојниот закон не може да се опфатат сите специфичности на лицата со инвалидност и нивните здруженија. За ова многу долго време се дебатираше, имаше и седница на Комисија за труд и социјална политика, тука беа повикани сите здруженија од инвалидските здруженија, така да имаше широка дебата и имаше виза за да се донесе еден ваков закон. Затоа ние ова треба да го пофалиме како чекор на Владата и сите заедно да го прифатиме. Не може ние да прикажуваме се што е добро дека се е лошо. И затоа сакам, заради почитуваната јавност да се слушне дека навистина е добар законот и вие треба тоа да го прифатите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Мојата процедурална забелешка е упатена до вас требаше да ја прекинете во моментот или да ја опомените колешката кога зборуваше, да ја потсетите дека сме ние овде пратеници во Собранието на Република Македонија што ги застапуваме граѓаните на Република Македонија.

Тука не се бираат пратениците по стручност или по таа професија што ја гледаат, бидејќи тогаш пола ВМРО не би било пратеник. Но, тука сме да ги застапуваме со она образование што го имаме и она образование што го знаеме. Тука сме пратеници, професионално вработени во Собранието на Република Македонија. Ако некој прави дискриминација тоа треба вие да го спречите. Но, за жал, очигледно, вие се подготвувате да заминете па не ве интересира ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на љубезната интервенција. Ви ветувам дека ќе се поправам во иднина.

Повелете госпоѓо Бендевска, имате контра реплика.

**Весна Бендевска:** Значи не знам дали ќе успеам ова што во форма на контра реплика ќе го кажам на колешката Стефановска.

Колешке, вие сте дипломиран правник со положен правосуден испит. Токму вие треба да знаете дека е противуставно да постојат два закони кои се бават со еднаква нормативна содржина. Противуставно е. И јас ќе очекувам, бидејќи сум убедена дококу се донесе ќе падне, од вас како правник со положен правосуден испит дека ќе се засрамите, не од мене, пред себе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници.

Иако не сум стручен во оваа област, сепак од претходното искуство кое сум го имал со ангажманот политички и професионален и од контакти со овој тип на здружение или овие гурпации на граѓани од оваа интересна сфера, ќе се обидам да отворам некои дилеми, кои се надевам дека министерот ќе одговори на некои

прашања, во функција на подобрување на зконот, а никако поинаку. Јас го почитувам фактот кој што министерот го кажа дека е законот спремен од минатата Влада и тоа во оваа дебата навистина не е важно. И да било поинаку и тогаш да се отворела дебата, доколку сум бил во прилика, можеби јас истото ова ќе сум го соопшел, значи станува збор за различни видувања, различни вкусови и различни ставови и нам Уставот и обврските и правата како на пратеници ни овозможуваат да го кажеме своето мислење по одредени одредби. Не мора да сме во право, но можеби ќе придонесеме со одредени дилеми или прашања за подобрување на текстот на законот, впрочем и за тоа сме сите ние тука, заради тоа тоа сме избрани и заради тоа и Собранието посоти.

Значи, како прво, почитуван министер јас би отворил една дилема во самиот наслов на законот. Значи, Закон за инвалидски организации, јас не сум начисто како треба да биде, но од контактите со научните работници кои што се од социјалната сфера и ја тангираат оваа проблематика, постои разногласие односно различни мислења, дали станува збор за инвалиди, за лица со хендикеп или најчесто употребуваниот термин “лица со посебни потреби”. Оваа дилема, ова прашање јас не сум начисто, кажав не сум стручњак, но постојано постои разично мислење помеѓу нив. Доколку прашате кај една организација, ќе ви го кажат едното, кај други другото, но моето лично искуство кажува дека грото од нив очекуваат од називот на здруженија, институции кои што ја тангираа оваа проблематика или се однесува на нив да се третираат како лица со посебни потреби. Јас би ве замолил, доколку сепак постои некој начин да се консултирате или да видите дали, знам дека во поранешните називи на овие здруженија постоеше овој назив, лица со инвалидитет. Но, барем онаа област што ја третира оваа проблематика во социјалната сфера се повеќе називот “лица со посебни потреби” се одомаќинува во нивната фела. Не знам, како дилема го отворам. Исклучително е важно, бидејќи се тие доста сензитивни во обраќањето, во нивното третирање и затоа сакаат правилен третман.

Втората дилема е, доколку се гледа структурата на законот, значи организационата форма, целите, задачите на организациите, повисокото ниво на организираност и застапено во законот и тука нема некои посебни забелешки од моја страна. Но, како дилема го отворам, сепак можеби не сум во право, но тоа е мој став, очекував дека ќе има одредени одредби во законот кои што ќе го допрецизираат механизмот на создавање на партнерство помеѓу Владата или владините институции и овие невладини организации. Бидејќи ако одите на состаноци со нив или на средби тие секогаш ќе ги отворат проблемите со кои што секојдневно се соочуваат при нивното интегрирање во општеството. Како пример, прво во сферата на образованието, секогаш ја отвораат дилемата постојат специјализирани училишта во Република Македонија во кои што 100% е опфатот на овие лица со посебни потребни. На пример, за училиштето за слепи “Димитар Влахов”, или за лица со оштетен слух или до делумно оштетен слух. Значи државата во еден дел се погрижила да биде опфатен, но како дилема го отворам дали во овој закон постои некоја можност да се даде поголема тежина на нивните потреби или да се дадат можеби одредени бенифиции на тие институции со одредени можности или поволности како би можеле да излезат во поголема мера во пресрет на овие лица. Инаку, нема дилема дека тие треба да бидат организирани во форма на граѓанско здружение. Но, граѓанско здружение е поширока форма во која што постојат различни типови на интересовни организации. Овие се навистина со посебни потреби и се издвојуваат од останатите, значи, природата создала одреден хендикеп во кој што хендикеп јас ја подразбирам нивна нормална и непречена интеграција во општеството, дали во професионален ангажман, дали во обавување на секојдневните животни потреби итн. Значи, ние сме социјална држава, хунанитарно општество во кое што би требало да се излезе во пресрет на овие. Значи, не знам дали бев јасен, не гледам некои посебни одредби во кој што тоа партнерство е попрецизно. Постои одреден сегмент, еве јас ќе го прочитам во делот на финансирањето. Значи вие сте предвиделе како Министерство, како Владата дека од Буџетот на Република Македонија овие организации ќе бидат финансирани посебно. Но она што ми пречи, мислам јас разбирам дека морало да напишат со одкуката, значи буџетот ќе се распределува средствата со одлуката за критериуми и постапки за распределба на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации и листа на здруженија на граѓани и фондации. Јас сум бил член на тоа тело и добро знам како во Министерството за финансии се распределуваат тие средства. Имате еден куп, една листа огромна на разни граѓански здруженија кои што во голем дел на случаите таа комисија и нема време ниту увид да влезе во основните податоци, дали станува збор за човек-организација, дали е со поголема сфера на дејствување, дали имале во минатото одредени успеси во заштита на правата или организирање посебни форми на обука, дообука на такви групации на граѓани, немате увид. И едноставно тие се делат малте не од ракав, јас знам дека не постои некој друг механизам, но во такво море на барања и во тие средства кои што се одвоени во Буџетот за тие граѓански здруженија, не е ретко, значи и во минатиот состав, не бегам од тоа, неправедно и неправично се распределуваат тие средства. Затоа поставувам дилема, дали е можно овие граѓански здруженија, бидејќи се разликуваат во однос на другите граѓански здруженија да добијат повластен третман во ова одлука за распределба на средства. Дали во законот тоа може да се вгради или со посебна одлука на Влада бидејќи сега можеби е доцна,

ова е Предлог на закон, значи последна фаза, мислам дека ќе биде донесен, но јас скренувам внимание дека ако сакате да бидете ефикасни, ефективни во помошта можеби треба да изградите посебен механизам со подзаконски акт во кој што или министерот за труд и социјала ќе ги повласти овие организации да се добие одредена дистинкција помеѓу други граѓански здруженија и овие на кои што навистина им се потребни тие средства, живот значат.

Исто така, нешто за кое што по мое мислење ете, ако сум имал влијание во работењето на закон, би инсистирал да постои вграден механизам за облигаторни односи за некои институции во однос на механизам за остранување на бариерите кои што постојат при третманот на овие лица посебно при вработувањето. Значи, јас си кажувам од лично искуство дека лица биле одбивани на конкурси за вработување за наставници иако во делот на нивнот професионален ангажман нивниот хендикеп нема ниту директна, ниту индиркетна врска со професионалнот ангажман кои што тие би го обавувале и кај мене стигнувале такви жалби, но немало законски механизми и можности да ја натерате институцијата навистина да постапи со еднаков третман освен да употребувате некои други механизми кои немаат врска, нема законска подлога во тој дел, ако постои дискриминација. И сега и во минатото постоеа стопански организации кои што имаа бенифиции од страна на Владата ако вработуваа лица со посебни потреби односно инвалидизирани лица во делот од Министерството за труд и социјална политика добиваа одредени средства за обртни средства, за набавка на одредена опрема и тоа мислам дека на одреден начин се злоупотребуваше на штета на тие лица. Лицата беа само чувани на платен список само за да можат од тие стопански организации да се влечат средствата кои што државата ги доделуваше, а никако да се употребат тие средства во функција на нивна вистинска професионална интеграција. Злоупотребите се со широка лепеза и навистина нема потреба да се навлегува во тоа. Но се поставува едно прашање веќе кога прв пат носиме таков закон, дали постоеше простор да се вгради некој механизам во кој што заштитата на правата на тие лица ќе биде гарантирана преку овој закон.

Делот на локалната самоуправа, овде сте напишале во финансирањето, значи членот 28 и членот 29 кој што го третира финансирањето на инвалидската организација односно на националните инвалидски организации дека се финансира и од Буџетот на локалната самоуправа. Простете ако не сум во право, но досега јас не сум слушнал дека некоја општина во својот Буџет има одредена ставка во која што ќе ги финансира овие организации. Се поставува прашањето дали ова е облигаторно за нив, дали сега ќе бидат обврзани со овој закон во своите ставки на Буџетот или во ставка на Буџетот на локалната самоуправа за граѓаниски организации што пак ќе биде погрешно, бидејќи пак ќе се изедначуваат другите граѓански здруженија со овие. И уште повеќе, не само во делот на финансирањето, фалеше некој механизам на поцврсто притискање на локалната самоуправа да одговори на предизвикот, значи овие здруженија кога и да појдете секогаш се жалат на односот на третманот бидејќи најчесто локалната самоуправа не прави многу на приспособување на инфраструктурата за олеснување на движењето на овие лица. Во последно време, да не бидам само критичен, критизер, навистина кај некои општини се гледаат драстично позитивни исчекори во поглед на обезбедување на паркинг места за тие лица со посебни потреби, но пак се злоупотребувани од страна на граѓанството, тоа е нивото на културата кое што го имаме, и се надевам дека во иднина нашето општество ќе има малку подобар слух, разбирање за овие лица, инаку се злоупотребува.

Тука завршувам, почитуван министер, се надевам дека отворив некои дилеми. Закон знаеме дека не може да биде идеален, дека секогаш е отворен за вградување на други механизми, можеби во идната надградба на овој закон ќе се согледаат одредени негативности во имплементацијата и ќе бидат вградени во овој простор. Но ова со насловот мислам дека ќе има проблеми, кај нив постои разногласие, јас колку што имам разбрано.

Последната дилема беше, кога го поднесувавме амандманот за ваучерите за студентите кога инсистиравме за лица со посебни потреби или со хендикеп да добиваат посебни ваучери. Иако во амандманот напишавме лица со хендикеп после имавме реакција од други здруженија зошто не сме го употребиле терминот лица со посебни потреби. Тоа е дилема која се надевам дека ќе се разреши.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика министерот за труд и социјална политика господинот Мешков, повелете.

**Љупчо Мешков:** Прво сакам да кажам дека почитуваниот колега нависитна акцентираше одредени прашања кои се суштински и многу важни за овој закон.

Прво околу терминот да кажам дека на различни места ќе сретнете различни термини за овие лица. Затоа ние мислевме дека најмалку ќе згрешиме или нема да згрешиме ако го употребиме уставниот термин, а тоа е членот 35 од Уставот во кој точно стои инвалидни лица. Ние практично го употребивме уставниот термин, мислевме дека така нема да згрешиме, иако, реков, има различни термини за овие лица.

Линкот помеѓу Владата и невладиниот сектор и овие организации ќе го регулираме бидејки навистина тоа е потребно и тоа ќе се регулира со другиот закон што го спомнав, а кој од страна на “Полио плус” беше доставен во прва фаза во Собранието. Значи сега можеби малку е споро, треба побрзо да се сработи усогласувањето. Тој закон се вика закон за правата и достоинството на лицата со посебни потреби. Тука, веројатно сите

овие работи за кои зборуваше почитуваниот пратеник, треба да најдат место во овој закон.

Рековме дека овој закон е потребен заради фактот што, еве да земеме финансирањето. Финансирањето, на пример во Законот за игри на среќа беше како тој дел ќе се одвојува за овие лица и затоа сметаме дека сите специфики за овие лица и овие организации треба да бидат регулирани со овој закон.

Сега ќе кажам неколку збора за тоа што го спомна дека можеби има субјективизми во процедурата и постапката за доделување на средства од Буџетот за овие организации, меѓутоа постапката навистина е таа што нависитна максимум може да се предвиди, а тоа е дека тие средства гидоделува Министерството за финансии врз база на одредени барања, поднесени програми од овие инвалидски организации, што се разбира претходно обавезно се бара мислење од ресорното минситерство, а тоа е Министерството за труд и социјална политика. До колку постојат можности ние тоа ќе го согледаме и тоа да се нарпави со некои подзаконски акти, со оглед на фактот што можеше евентуално за тоа да се интервенир аи преку амандмани, но во таа смисла амандмани на овој закон немаше.

Што се однесува до локалната самоуправа, јас апсолутно се согласувам со пратеникот и мислам дека во оваа фаза, во овој облигаторен однос на локалната самоуправа да издвојува средства и за оваа намена, тешко ќе биде остварливо иако локалната самоуправа во многу сегменти на социјалната заштита и секаде мора да учествува исто така во решавањето на овие рпашања на граѓаните од своето подрачје. Токму затоа ние сме подготвени и ќе го прифатиме амандманот кој ја брише оваа алинеја, а е поднесен од ееден од пратениците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Светлана Јакимовска, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарма претседателе,

Јас своето излагање би го започнала со тоа дали овој закон за инвалидски организации има и кој е, до колку има, а има правен основ за негово донесување. Тоа е Резолуцијата на ОН 48/49 за стандардни правила за изедначување на можностите за лицата со инвалидност, поточно правилото 15, потоа Уставот на Република Македонија, членот 35, Нациоанлната стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија и членот 12 од Законот за здруженија на граѓани и фондации во кој е утврдено дека на здружението, согласно потребните прописи може да му се додели статус на здужение кое дејствува во јавен интерес, ако неговото делување ги надминува интересите на неговите членови.

Би се надоврзала на причините за донесување на посебен закон односно законот за инвалидските организации.

Имено, работењето на инвалидските организации во Република Македонија е регулирано со Законот за здружение на граѓани и фондации. Со овој Закон се регулира работењето на огромен број на здруженија во кои граѓаните се здружуваат за остварување на најразлични активности и потреби.

За разлика од мотивите за формирање на голем број на здруженија, инвалидските организации се основаат за решавање на проблемите на посебна група на граѓани коиимаат посебни потреби.

Во здруженијата на лицата за инвалидност нивните членови се здружуваат поради природата на својот инвалидитет, бидејки преку овие здруженија тие организирано настојуваат да си помогнат сами себе си во ублажување на својот инвалидитет, а особено организирано да настапуваат пред државата за изедначување на нивните права со правата на другите граѓани.

Членството во овие здруженија е од постојан карактер и лицата со инвалидност преку своите здруженија настојуваат да го подобрат квалитетот на својот живот, почнувајки од откирвањето и раната рехабилитација, нивното образование, вработувањето, семејниот, културниот и спортскиот живот и решавањето на секојдневните животни потреби и друго. Затоа е потребно работењето на инвалидските организации да биде регулирано со посебен закон, бидејки со постојниот Закон не можат да се опфатат сите специфичности на лицата со инвалидност и нивните здруженија.

Втората причина за донесување на закон за инвалидски организации е фактот што со донесување на новиот закон за здуженија на граѓани и фондации во 1998 година се создадоа законски можности 5 граѓани да можат да формриаат здуженија од билокоја област.

Иако овој закон е восогласност со Уставот на Република Македонија каде во членот 20 им се гарантира правото на граѓаните слободно да формираат здруженија, сепак со донесување на законот за здуженија на граѓани и фондации во една осетлива област, а тоа се лицата со инвалидност и нивните организации, сега здруженија, се создадоа големи потешкотии во нивното функционирање. Имено можноста 5 граѓани да формираат здружение масовно почна да се користи и додека до 1998 година постоеа само 7 организации или сојузи во кои членуваат лица со инвалидност, од 1998 година до денес се регистрирани преку 200 односно приближно 300 здуженија кои со своите програми речиси се идентични со програмите на 7-те досегашни инвалидски организации односно со Сојузот на слепи на Република Македонија, Сојузот на глуви и наглуви на Република Македонија, Сојузот на телесно инвалидизирани лица на Република Македонија, Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост, Сојуз на инвалиди од војната на Република Македонија, Федерацијата за спортот и реакреација на

инвалидите на Република Македонија и Сојузот на инвалиди на трудот на Република Македонија.

Посебно треба да се истакне дека во постојните 7 инвалидски организации се опфатени сите видови на инвалидност и во нив слободно можат да членуваат и да бидат активно вклучени во работата на овие здруженија, сите лица со инвалидност, без разлика на нивниот инвалидитет.

Со формирање на нови здруженија, не се подобри состојбата на лицата со инвалидност и нивните организации, туку напротив голем број од новоформираните здруженија на лицата со инвалидност се формирани за задоволување на најразлични интереси, а за жал можеме да кажеме дека најмалку за интересите на лицата со инвалидност.

Најголемиот број на новоформирани здруженија за лицата со инвалидност се регистрирани како друштва за помош на лицата со инвалидност. Со самото тоа тие не можат да се изедначуваат со здруженијата на лицата со инвалидност каде членови се самите лица со определен вид на инвалидност и кои самите преку своите здруженија си го организираат својот општествен живот и се борат за решавање на своите животни пробелми. Што е посебно важно, потребно е да им се признае правото на лицата со инвалидност сами да решаваат како тие ќе се организираат и вклучат вонормалните текови на животот, а не секогаш некој друг во нивно име да одлучува и да решава за нивните проблеми.

Правото на лицата со инвалидност во рамките на своите здруженија сами да решаваат за своите пробелми е предвидено и во стандардните правила за изедначување на можностите на лицата со инвалидност и со Нациоанлната стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност. Затоа државата треба да води посебна грижа за здруженијата чии членови се самит елица со инвалидност.

Со овој Предлог на закон се предвидуваат повеќе андлежности на ресорното министерство кои се поврзани со стекнувањето и одземањето на статусот на инвалидските организации и водењето на регистар на инвалидските организации.

На крајот би сакала да кажам дека и Матичната комисија, Комисијата за труд и социјална политика, кога го разгледуваше овој Предлог на закон искажа повеќе мислење, но сепак едногласно донесе заклучок да му предложи на Собранието да го донесе овој закон. Инаку беШе искажано мислење дека за унапредување на статусот на лицата со инвалидност треба да се дефинира статусот на инвалидските организации, но притоа да не се наметнува монополистички приод, да не се продлабочува поделбата на нови и стари инвалидски организации односно да нема привилегирани и маргинализирани инвалидски организации, а амандмански да се дејствува во насока на подобрување на текстот на законот. Во таа насока и Комисијата за труд и социјална политика даде свој придонес поднесувајки три амандмани што се надевам дека во понатамошната дискусија предлагачот на законот ќе ги прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Најпрвин го поздравувам интересот на Владата да се занимава со оваа проблематика имено со условите под кои живеат лицата со хендикеп или со инвалидност во Република Македонија и што сакаат сериозно да се подобри нивниот статус во општеството. Меѓутоа, веднаш по ова поздравување на интересот, јас морам да ја изразам својата скепса во врска со текстот на предложениот закон за организации на лица со инвалидност. Имено, мислам дека во целина законот, покрај добрата намера и заложбата за регулирање на дел од областа која ги засега овие лица, постојат и редица недоречености кои во делот на правната усогласеност со други закони може да предизвикаат пробелми. Имам сознанија дека повеќе правни експерти имаат искажано исто така скепса и мислење дека поголем број членови од овој закон може да паднат на Уставен суд. Јас не сум експерт по право, јас го пренесувам она што ми гокажаа експертите со кои се консултирав. Јас со интерес ќе го следам имплементирањето на овој закон, доколку денес го донесеме, затоа што мислам дека е многу важен и треба да му посветиме должно внимание и во делот на неговата примена.

Инаку, со цел да се подобри текстот на законот, јас исто така сумподдржувач на редица амандмани што се надевам дека во текот на расправата ќе се најде интерес да се прифатат, за на крајот да можеме да добиеме закон со кој сите ќе бидеме задоволни.

Дозволете ми само да кажам една размисла која е дирекно поврзана со текстот на законот и со мојата скепса.

Она што провејува низ овој закон, тоа е една тенденција да се ограничи формирањето и организирањето на невладини организации за лицата со хендикеп. Имено постои една тенденција вградена во овој закон, да се фаворизираат големи здруженија, додека помали здруженија под 500-тини членови, ако не се лажам, да бидат на некој начин дискриминирани. Според мене тоа не е во ред затоа што тоа е во дирекна колизија со Законот за граѓанско здружување, граѓански организации каде што правото на здружување на граѓаните е неограничено. Доболно е 5 луѓе да се здружат околу одредена идеа и да имаат можност да формриаат здружение. Ако е тоа така и ако тоа е во согласност со европските правила и европското живеење, тогаш ние не би требало со друг закон тоа да го ограничуваме на индиректен начин. Значи, она што мене ме буни во овој закон е таа вградена тенденција во овој закон. Јас

воопшто не би можела да се согласам со тоа на ова Собрание да оди како објаснување текстот кој оди како објаснување со овој закон. Мислам дека тоа е сосема несоодветно. Морам да дадам една забелешка до почитуваното Министерство затоа што службите од Минисдтерството требало да изготват автентичен текст, а не да го препишат текстот што сојузите на инвалидски организации го имаат доставено, предлагајки го овој закон во Министерството. Мислам дека текстот треба да биде на Министерството, а не организациите затоа што тие во тој текст практично го штитат само својот интерес и искажуваат формулации од типот на тоа дека, замислете во плурализмот се формирале повеќе од 6 сојузи, а порано си бевме само 6 сојузи и се беше во ред, а сега се формираат еден куп организации и тиес е формираат заради лични цели, ане за добри цели, како што ги формиравме ние. Јас малку парафразирам, се разбира со една доза на иронија. Јас се надевам дека ќе ми биде простено за оваа иронија, меѓутоа текстот на образложението е токму ваков. Вакво какво што е ова образложение јас не можам да го прифатам. Можам само уште еднаш да изразам подршка на Владата заради нејзиниот интерес да се занимава со оваа сфера и очекување дека Владата во иднина уште повеќе ќе се занимава исо уште пошироки расправи ќе го прави тоа и ќе носи закони. Понатаму, имам разбирање за тесните рокови поврзани со нашата европска и НАТО агенда во која ги донесуваме законите. Имам разбирање за тоа, но истовремено не можам да се ослободам од својата скепса дека законот што е пред нас нема да биде совршен и нема да пати од сериозни недостатоци од кои некоин може и да не го положат испитот дури и на Уставен суд. Јас би сакала да грешам во оваа моја скепса, меѓутоа времето ќе покаже.

Уште еднаш замолувам Министерството сериозно да ги разгледа амандманите со кои сериозно може да се подобри законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Мешков, повелете.

**Љупчо Мешков:** Јас нависитна сакам да полемизирам со пратеничката Поповска заради тоа што таа знае дека ние заеднички многу пати се среќаваме и дискутираме во насока како да бидат подобри законските решенија, што да направиме за да го подобриме животот на овие лица и јас овој закон што е предложен од Министерството, навистина во таа насока го сваќам. Кога би бил во друга насока, јас би бил против овој закон. Но, сегашната состојба укажува дека многу успех во борбата за унапредување на животот на овие лица, до сега нема. Според тоа ако се анализираат причините зошто е тоа така, веројатно може да се каже дека една од причините е токму оваа што со овој закон се предлага да се нарпави односно овие форми на организирање да добијат една сила, една моќ за да можат тие лица навистина успешно да се борат за своите рпава. Веројатно една од причините за сегашните неуспеси е и фактот што имаме 400 здруженија кои секој на своја страна си влече, немаат инвалидни лица во својот состав и можеби тоа е една од причините зоштоне можеме да се пофалиме дека тука на тој план нешто многу сме постигнале. Меѓутоа јас, го сваќам во некои делови што госпоѓа Поповска рече со сархазам и т.н., но кај амандманите пак ептен не го сваќам заради тоа што амандманит екои се поднесени заедно со пратеничката Бедевкса, ако сите ги погледнете, ако не сите ама 90% се да се бришат одредбите од овој закон. Значи ваков закон воопшто да не се донесе и тука нема амандмани. Тие амандмани се само да се избришат членовите на законот што значи практично да немаме закон. Немаме тука некои суштински амандмани кои треба да го подобрат текстот или решенијата во законот, туку едноставно интенцијата на амандманите е да не се донесе овој закон.

Не знам сега за какви текстови, автентични. Неавтентични, се работи. Јас на почетокот реков дека овој модел практично е словеначкио тмодел, комплетно моделот што една земја членка на Европската унија, го има. Од таму е земен моделот и немало ни потреба од некакви здруженија или некакви текстови да се пишуваат затоа што барем во оваа Влада и кај мене, ако за нешто не сум убеден дека е добро, јас прв би бил да се предложи еден таков закон. Значи во овој случај сме решиле дека ова е добро во таа насока за коај сум сигурен, дека и колешката Поповска се стреми да можеме да направиме се за овие лица да им биде подобро, а како понатаму, во иднина, дали на Уставен суд ќе има проблеми или ќе нема, секој сигурно може однапред да претпоставува, некој ќе рече ќе има, некој ќе рече ќе нема. Да се надеваме дека нема да има, а се со цел да имаме закони кои заедно сооној вториот на Полиоплус, навистина ќе направиме чекор напред за заштита на овие лиуца. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Лилјана Поповска има реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министер.

Вие знаете дека навистина извонредно високо го ценам вашиот труд и вашиот пристап во работата и вашата искрена заложба за лицата со хендикеп. Секогаш сме имале извонредна соработка така што сосема отворено разговаравме и за овој закон.

Морам да кажам дека сепак мислам во две фази ќе беше многу подобро, ќе се изнивелираа некои работи и на крајот со задоволство ќе го донесевме сите.

Ја поздравувам вашата добра волја да помогнете на лицата со хендикеп, со вас секогаш сме имале извонредна соработка, верувам дека ќе биде така и во иднина.

Само ако ми дозволите реплика на дел од вашето излагање каде велите дека до сега немало никаков успех во работата на организациите кои работат на оваа проблематика. Јас морам да ве

потсетам, во минатиот пратенички мандат во Собранието четири години функционираше Интерпарламентарната, интерпартиска лоби група за лица со посебни потреби. Беше иницирана од Полио Плус и од Хелсиншкиот комитет, во неа членуваа сите политички партии преку свои претставници со 18 члена и со таа Интерпарламентарна група каде сите многу усрдно работевме и каде партиските разлики беа ставени на страна. Донесовме измени на многу сериозни закони меѓу кои и Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градба во кои внесовме задолжителна обврска да биде обезбеден пристап до сите јавни објекти.

Понатаму, направивме реално лобирање за обезбедување пристап на повеќе јавни објекти меѓу кои мислам дека најмногу можеме да бидеме горди на Парламентот.

Покренати се серија активности, меѓутоа, не е време за извештај на лоби групата и мислам дека сепак би требало да се цени се што е направено до некаде и да одиме понатаму да го надградуваме. Верувам дека и вие тоа го мислите, можеби беше само една можеби не најсреќна формулација од ваша страна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Добро е што денес разговараме на оваа тема токму за, би рекол, намерата е подобрување на инвалидските организации, а со тоа и статусот на лица со хендикеп во Република Македонија. Самиот разговор на оваа тема во Собранието на Република Македонија укажува на нашите сериозни намери да направиме се што е во интерес на подобрување на статусот и положбата на овие луѓе во Република Македонија.

Мислам дека законот кој е денеска на расправа во Собранието треба да оди во две фази, се со цел да имаме поголема јавна расправа во која би биле вклучени голем број на организации, но и стручни и компетентни луѓе токму од оваа област со цел да имаме решенија кои ќе бидат во насока на она за што се залагаме да имаме навистина квалитетно законско решение, но и применливо законско решение што нема да создава дополнителни проблеми и можности за злоупотреба и тн. и на тој начин да ги оствариме заложбите и да успееме да ја подобриме положбата на инвалидните лица или лицата со хендикеп во Република Македонија.

Морам да кажам дека и за мене дел од образложенијата кои се дадени во овој закон се неприфатливи во смисла на аргументација зошто и од кои причини треба да се донесе овој закон.

Единствената причина која за мене е прифатлива дека навистина мораме да направиме регулатива во која конкретно ќе значи подобрување на статусот и положбата на хендикепираните лица или на инвалидите во Република Македонија за кои, мора да признаеме, недоволно направивме или почнавме да правиме во моментот кога одредени организации кои ги застапуваат интересите на овие граѓани направија поголем притисок врз извршната власт или врз законодавната власт во Република Македонија и се постигнаа одредени конкретни резултати кои ги имавме во овој период. Секако тука ќе мора многу повеќе да се развие свеста на граѓаните во смисла на почитување на одредбите на одредени закони кои значат заштита на правата или унапредување на правата на овие категории на луѓе, меѓутоа, ќе мора да направиме многу повеќе и како законодавен дом, но и како Влада, како извршна власт на примена на конкретни законски решенија кои во овој момент не се случија.

Навистина ми пречи во законскиот текст што Законот за инвалидски организации, тргнувајќи од претходната заложба да ја подобриме оваа положба на категоријата на луѓе, повторно се повикуваме на Законот за здружение на граѓани и фондации во Република Македонија со кои се овозможува да бидат формирани здруженија на граѓани кои ќе ги штитат интересите на одредена категорија на луѓе во Република Македонија, што порано не беше случај.

Не е прифатлив аргументот кој се наведува дека енормното зголемување на бројот на организации кои се формирале во Република Македонија со овој Закон за здружение на граѓани, не дава квалитет во нивното работење, што јас апсолутно не се согласувам, мислам спротивно, што поголем број невладини организации би се формирале во Република Македонија тоа повеќе значи меѓусебна конкуренција и квалитет во програмите кои ќе ги подготвуваат, во начинот на кој ќе се презентираат и ќе ги штитат правата на категориите на луѓе кои ги застапуваат, во конкретниот случај, лицата со хендикеп и на таков начин ќе може да се создаде еден широк фронт на организации кои би делувале на заштита на овие права. Мислам дека времето во кое имавме една две организации кои добро функционираа во обврските со извршната власт веќе е поминато и мислам дека плурализмот во Република Македонија во овие 17 години носи едно такво време на квалитет на што поголем број на било какви организации пред се на невладини организации и со тоа јавно и јасно го искажуваме ставот за поддршка на невладиниот сектор во Република Македонија пред се на партнерството на невладиниот сектор што власта во Република Македонија во поголема или помала мера недостасуваше во годините што останаа зад нас, тоа ќе мора да ни даде задача да го унапредуваме. Впрочем се повеќе во овие години или како понатаму ќе одат сите изборни кампањи се повеќе говориме за партнерството помеѓу невладиниот сектор и извршната власт или невладиниот сектор и локалната самоуправа заради тоа што таквата практика на воспоставување на една добра комуникација на

овие два сегменти, дава напредок во тие општества, напредок во смисла на заштита на сите права на одредени категории, но и воопшто во напредок и развој на општествата и демократијата во Република Македонија.

Од тие причини мислам дека не е прифатливо образложението дека се носи закон заради тоа што имаме премногу организации кои тоа го прават на подобар или на полош начин во Република Македонија. Е, сега ќе направиме многу помалку организации кои би функционирале беспрекорно. Апсолутно бројката на организации не значи добро или лошо функционирање. Начинот на кој работат организациите, стручни и компетентни луѓе кои ги имаат или ангажираат, знаењето да направат добри програми и да ги истакнат нивните потреби во дадениот момент, начинот на кој знаат да пристапат до извршните органи, да ги постават сопствените барања и да ги издејствуваат ќе значи квалитет во овие организации.

Навистина мислам ако правиме закон посебен за инвалидски организации кој ќе биде важен во функција на унапредување на работата на овие организации, отстранување на сите недоследности и причини за лошо работење, по проценка на Владата, кое беше истакнато овде, да се направи во посебен закон. Тоа е во ред. Но никако да не се повикуваме на Законот за здружение на граѓани и фондации заради тоа што тука би требало да ги ставиме одредбите врз основа на кои ќе ги формираме здруженијата на граѓани односно инвалидските организации кои ќе се бават со заштита на правата на лицата со хендикеп и да немаме двојство во формирањето на ваквите организации.

Сега ми се поставува прашање кога е формирана инвалидската организација? Ако по Законот за здруженија на граѓани и фондации е формирана кога има пет члена и е запишана во Централниот регистер на Република Македонија, сега не е формирана заради тоа што треба да се поднесе ново барање и да се добие статус на инвалидска организација од страна на Министерството односно министерот за труд и социјална политика.

Тука имаме едно двојство кое не гарантира доволно уставна поставеност во овој момент на овој закон за што ќе мораме да водиме сметка пред се ние пратениците. Ни се случи пред некое време да биде донесе закон за кој укажуваа пратениците во Собранието на Република Македонија дека не е уставен, по укинувањето на таа одредба од страна на министерот бевме обвинети дека тоа е работа на Собранието и дека Собранието мора да води сметка за донесување на такви закони и едноставно за последиците кои ќе настануваат понатаму.

Сакам да ги искажам моите дилеми во овој дел и мислам дека ќе имаме проблем со уставниот основ по однос на формирањето на овие организации заради тоа што имаме двојство.

Втората работа во смисла на давањето на статус на инвалидска организација, во првиот случај кога се формира инвалидска организација и статусот процентот кој е даден дека мора да членуваат најмалку 40 лица да има статус на инвалидска организација, а во Централниот регистер треба да поднесе барање во кое ќе треба да има пет лица. Тука се гледа колизијата на овие законски решенија. Заради тоа велам дека или ќе имаме еден закон во кој ќе решаваме посебно како лекс специјалис во смисла на овие инвалидски организации или ако ги користиме двата закони, тогаш ќе се доведеме во ситуација да имаме двојни аршини во смисла на добивање на регистрација и статус и што ќе се случи со застапување на здруженија на граѓани и фондации со исти определби кои ги имаат во нивните статути ако не добие статус на инвалидска организација и ги застапува правата на хендикепираните лица заради тоа што нема доволно број на членови.

Понатаму, 90% вели да бидат со инвалидност од ист вид или 90% лица со инвалидност со различен вид на инвалидност. Мислам дека процентот е многу висок заради тоа што во вакви организации имаат желба и сакаат да членуваат луѓе кои можат да помогнат на овие категории на граѓани. Практиката која се напоменува дека е основа за донесување на овој закон, тоа е словенечката, мислам дека процентот е 33% на инвалидизирани лица што обезбедува можност да има доволно луѓе кои ќе бидат лица со хендикеп, меѓутоа, да има и луѓе кои ќе можат да се вклучат доброволно во остварувањето на статутарните и програмските определби на организацијата во која сакаат да се зачленат.

Инаку, ако 90% од тие лица мора да бидат со хендикеп навистина мислам дека се остава многу мал простор да членуваат и други луѓе или им се скратуваат можностите и уставните права за слобода на здружување на овие организации.

Втората работа е во смисла на добивање на статус на инвалидска организација. Тоа го прави министерот со решение во Министерството за труд и социјална политика врз основа на претходно добиено мислење од Комисијата која ја формира, а еден член од Комисијата треба да биде од Националниот совет на инвалидите. Тоа не е спорно, ако е така, исклучувајќи го она за што говорев претходно Законот за здруженија на граѓани и фондации. Меѓутоа, се прашувам зошто таквата практика не се следи и во добивањето статус на национални инвалидски организации.

Статус на национални инвалидски организации добиваат организации на кои им дава статус Комисијата која е формирана од претходниот член. Значи, истата Комисија која дава мислење до министерот за труд и социјална политика формирана претходно од министерот, сега на повисоко ниво, на национално ниво ќе треба да дава статус на инвалидска организација и да одзема статус на инвалидска организација, што мислам дека не е во корелација со она што е правната дикција во определувањето на статусот

на инвалидска организација и на национална инвалидска организација.

Втората работа, во првиот случај при добивањето министерот носи решение, а во вториот случај се донесува одлука за добивање на статус и за одземање на статус на инвалидска организација.

Исто така, при престанување со работа на националната инвалидска организација се наведува дека, до колку се исполнуваат услови од одредбите во Законот за здруженија на граѓани и фондации и овој закон, а при престанување на инвалидската организација не се наведуваат одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации, туку само од Законот за инвалидски организации. Тука имаме двојни аршини во смисла и на стекнување и на одземање на статусот или на отпочнувањето со работа и престанок на работа на инвалидските организации.

Мислам дека Националната инвалидска организација со формирање од 300 членови во состав на организацијата, 15 меѓуопштински градски здруженија од кои исто така 90% треба да бидат луѓе со ист инвалидитет или од различен инвалидитет. Со ваквиот текст на закон им се дава ексклузивитет на националните инвалидски организации. Се дава ексклузивитет во начинот на работа, на функционирањето, на пристапот до надлежните органи во Република Македонија и тоа се согледува во делот на финансирањето каде националните организации се вклучуваат во посебни програми финансирани од игрите на среќа додека сите останати инвалидски организации и врз основа на овој услов, меѓутоа, и врз основа на средства кои се определуваат во Буџетот за финансирање на здруженија на граѓани и фондации. Мислам дека ексклузивитет не треба да даваме на одредени организации во Република Македонија заради тоа што словенечкиот модел кој е основа за овој закон познава поим репрезентативност. Репрезентативна организација е организација која има добри оценки во функционирањето во едно општество, без разлика дали е формирана на општинско ниво, а ги застапува интересите на одредена категорија на граѓани во општеството и со самото тоа што таа доследно, со добри проекти, со добро остварување на сопствената програма, со поддршка на таа категорија на граѓани е репрезентативна. Меѓутоа, во никој случај не се исклучува можноста сите други организации се занимаваат и нудат програми и проекти кои се во овој сегмент на заштита на овие права.

Од тој аспект мислам дека ќе треба да размислиме и за рамноправноста на организациите и на инвалидските и на националните организации во Република Македонија.

Последното нешто во однос на финансирањето од страна на буџетите на локалните самоуправи, мислам дека можеби сите не, но дел од локалните самоуправи во овој момент имаат определни средства или барем пет-шест години наназад во Буџетот кои финансираат здруженија на граѓани и фондации врз основа на програми кои ќе бидат доделени, тоа е случај со општина Куманово од каде доаѓам и добро ми е познато. Мислам дека со приекти кои ги нудат, без разлика кои општински организации и фондации односно здруженија на граѓани и фондации во овој момемнт, врз основа на програма која ќе ја понудат до локалната самоуправа ќе можат да добијат одредени средства за остварување на нивните програмски определби и тоа начелно како одредба и како став што го имаме во овој дел, мислам дека не е лошо, не е некоја штета, меѓутоа, да не биде облигаторна обврска за сите општини, се со цел да им помогнеме во делот на функционирањето. Да не им создаваме нови обврски пред се во процесот на децентрализацијата и да им го отежнуваме нивното функционирање.

Мора дефинитивно да се определиме дали сме за посебен закон кој ќе регулира начин на создавање, функционирање на овие организации или ќе го доусовршуваме системот за формирање на здруженија на граѓани и фондации за кои во образложението наведувате дека во овој период не добро функционира заради разни пропусти, можеби злоупотреби на финансиски средства кои ги добиваат од разни проекти и тн.

Меѓутоа, тоа не имплицира на лошо законско решение, туку имплицира на лошо спроведување на законските одредби, за што имаат надлежност државни органи во надзорот на спроведувањето на овие законски одредби, пред се во смисла на финансиска контрола на здружение на граѓани и фондации. Мислам дека премногу се крева прав во јавноста околу работењето на овие невладини организации, а не влеговме досега со конкретни податоци каде и во кој дел го имаат нарушено овој принцип, или имаат одредени криминогени дејанија во смисла на спроведувањето на вакви проекти. Така што да, ако добро размислиме, добро е законот да биде во две фази, да направиме навистина квалитетно законско решение за кое што ќе дадат позитивна оценка сите во Република Македонија релавантни структури пред се, оние за кои што денеска го носиме овој закон, тоа се лицата со хендикеп или со инвалидност за кои што несебично им е потребна ваква помош, меѓутоа и многу повеќе да работиме на планот на подршка на проекти на овие здруженија се со цел да овозможиме да отстраниме некои законски пречки, бариери кои што во овој момент ја имаат оваа категорија на граѓани, меѓутоа и да имаме проекти со кои ќе ја зајакнеме свеста во македонското општество за поддршка на ваква категорија на граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика или збор, господине министре?

Збор има министерот за труд, господинот Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Со сите пратеници кои што кажуваат дека со овој закон нема да се решат проблемите и состојбата на инвалидните лица, се согласувам. Ниту е интицијата на овој закон да може да ги реши сите прашања и проблеми со кои се соочуваат овие лица. За тоа се потребни многу повеќе напори и од државата и од финансиски аспект и од нормативен, но само овој закон гледано, се разбира, дека не може да ги реши сите прашања и проблеми што ги има. Ова е закон кој што само во еден сегмент, се надеваме, дека треба да придонесе за поуспешна, практично борба на овие лица да ги остварат своите права преку здружување во тие форми на здружување кои што се практично и регулирани со овој закон. Јас на пример, лично сум убеден дека ако за глуви лица, на пример, во Македонија, имаме 80 или 100 здруженија регистрирани по Законот за здруженија на граѓани со само неколку членови, еве пет најмалку како што вели законот, сигурен сум дека тие многу помал успех можат да постигнат, поготово ако во нивниот ред немаат и лица кои ја познаваат до крај таа проблематика, а такви верувајте има во Македонија, многу помалку успех можат да постигнат отколку ако тие 15, 20 или 30 не губејќи го својот субјективитет како посебни за да не се здружат во една форма на ниво на национална организација на ниво на држава. Јас сум на пример убеден дека шансите за успех да се изборат за своите права се многу поголеми, ако тие се здружат, бидејќи викаме дека во здружувањето е силата, ако се здружат на ниво на држава ќе имаат повеќе сила да се изборат отколку да делуваат со пет луѓе, сто или кусур организации. Меѓутоа, уште еднаш потенцирам, никој не навлегува во правото овие здруженија регистрирани по Закон за здруженија на граѓани да си ја задржат својата самостојност. Никој тоа не им го негира. Тие и понатаму можат да се регистрираат, но Законот за здружение на грѓани не регистрира инвалидски организации. Тој регистрира здруженија на граѓани кои го кажуваат своето име и кажуваат со својот статус со што тие здруженија ќе се занимаваат. Затоа реков, овој закон ги потенцира спецификите на здружувањето на инвалидните лица. Се разбира дека некои укажувања можеби и држат. Но, можеби ако имаше амандмани, ние би расправале и во амандманска расправа за тие прашања. Но, за жал, за некои прашања што се тука покренати, можеби држат место за дискусија. Практично немаат поднесено амандмани и претходно не сме ги имале предвидено. Затоа е добро во фазата да се поднесуваат амандмани и да може да расправаме да го подобриме текстот на закнот.

Имаше најразлични мислења околу 4-тата алинеа на членот за средствата што треба да ги доделуваат, односно да можат да се финансираат овие здруженија од локалната самоуправа, од буџетите. Мислам дека и бришењето на оваа алинеја можеби не е до крај исправно и останувањето не до крај, затоа што сето тоа зависи од материјалните можности на единиците на локалната самоуправа. Можеби најдоброто решение ќе беше ако во 4-тата алинеја стоеше, средства од локалната самоуправа доколку постојат материјални можности и доколку локалната самоуправа преку своите буџети може тоа да го обезбеди што ние како можност и ја воведовме во Законот за социјална заштита. Значи, дадовме можност на единиците на локалната самоуправа да обезбедуваат и поголем обем на социјални права од она што е со нашиот закон предвидено доколку тие имаат материјални можности за тоа. И сега и ние сме во една пат позиција, предложивме во законот да има средства од локалната самоуправа, но од друга страна имаме амандман да се брише таа 4-та алинеја, бидејќи поднесувачите на амандманот велат дека во оваа состојба единиците на локалната самоуправа навистина немаат финансиски можности да можат да финансираат здруженија. Веројатно дека правата вистина е некаде на средина, дека некои ќе можат, а некои не ќе можат тоа да го прават. Но, амандман од таков карактер немавме поднесено за да може тоа да зависи од материјалните можности.

И околу релевантните структури, ние како и секој закон и овој го доставивме до оние структури за кои сметавме дека се релевантни. Како и секој друг закон некои забелешки се усвоени, некои не се усвоени, за кои што сме сметале дека не треба да бидат усвоени. Околу уставноста, беше на Законодавно-правна комисија која ја цени уставноста итн. Значи, процедурата и постапката сме ја запазиле, а тврдам дека од најголемиот број од овие релевантни структури мислењата се прифатени, од некои не се прифатени.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Впрочем тоа е што го кажав и на самиот почеток кога говорев дека навистина е потребно во две фази да се носи овој закон, заради тоа што стана практика во Собранието најчесто голем дел од законите кои што досега ги донесовме во една фаза, некако набрзина без преголеми расправи и во јавноста и во Собранието. Мислам дека мораме да ја отстраниме таа пречка што за мене е правна пречка во смисла на функционирањто на организациите. Викате дека нема да им се забрани на организации кои што се формирани по Законот за здруженија на граѓани, а немаат статус на инвалидски организации. Меѓутоа, верувајте, во примената ќе има проблеми во пристапните фондови и средства кои што ќе ги нуди државата, заради тоа што ќе барате исклучиво тоа ексклузивно право да го имаат инвалидските организации, или националната инвалидска организација.

Второ, окрупнувањето на организациите дека би остварувале повеќе права таквите категории на луѓе. Како аргумент ќе ви кажам дека не е така, вие тоа добро го знаете, можеби и најдобро од сите нас, Сојузот на инвалиди на трудот и Сојузот на инвалидски пензионери. Беа заедно, се раздвоиа и сега заради тоа имаме еден законски

проект за кој што ќе говориме во некоја следна прилика. Токму еден од вашите аргументи е дека недобро функционирање на такви институции дава проблеми во тој солидарен фонд итн. Значи, окрупнувањето не е услов за успешноста на функционирањето на инвалидските организации. Затоа говорев за репрезентативност. Сите тие организации не знам колку да се на број во моментот во една општина веројатно имаме по 250 здруженија на граѓани и фондации. Меѓутоа, сите не функционираат баш најуспешно. Или на ниво на Република Македонија ако во овој момент пробате да наброите одредена бројка на инвалидски организации секако дека ќе ги наброите најпрепознатливите, најрепрезентативните и оние кои што имале најмногу успех во нивното отворање. За тоа говорев дека принципот на репрезентативност како во словенечкиот закон треба да ни биде императив, а на создавање на одредени национални здруженија што е одлика за едно поранешно време во Република Македонија, а не за плурализмот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика министерот за труд, повелете.

**Љупче Мешков:** Овој закон во една фаза е предложен затоа што сметавме дека не се работи навистина за некој сложен и обемен закон заради кој не би можел да оди во една фаза. А за законот, на пример, за социјална заштита кој што сметаме дека е навистина сложен и еден Устав за нашава сфера, за социјалата,ние да одиме во две фази. Нормално и така е во ред. Инаку, за репрезентативноста, како што спомна колегата да не ви кажувам кои проблеми сега имавме со репрезентативноста кај синдикатите. Тешки проблеми со некои репрезентативно, со некои проценти, со некои бројки или критериуми кога вие ќе кажете репразентативност морате да определите критериум за тоа кого ќе го сметате за репрезентативен и тука проблеми тешки во тој дел. Но, сепак, мислам дека законот дава еднакви можности и во финансирањето на сите здруженија без оглед дали ќе се здружат или нема да се здружат, а субјективен е факторот во процедурата дали некој ќе биде во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Сосема на кратко. Значи кога веќе и самите се согласувате дека постојат недоречености во предложениот текст на законот и дека самите признавте сте очекувале амандмани што условно ќе го подобрат понудениот текст. Каде е проблемот тогаш да се согласите и навистина на овој закон да му дадеме можност да се доразвие, да вклучиме навистина поширока јавност заради компетентност во донесувањето на ваквиот закон. Значи кога и самите пред нас признавате дека можеби би можело и подобро каде е проблемот вие како овластен предлагач, на законот да кажете, доволно е прва фаза одиме на поширока јавна елаборација.

И околу уставноста, само еден коментар. Значи, слободата на здружување е неприкосновена уставна претпоставка. Кога веќе постои еден закон согласно кој доволно е пет граѓани согласно заеднички интерес, да имаат можност да формираат здружение на граѓани. Тогаш зошто ги ограничувате на некој начин, ги дискриминирате лицата со посебни потреби, лицата со хендикеп на 40, бидејќи тие ќе дојдат кај вас согласно овој закон, вие како министер за труд и социјала ќе сте овластени да им го доделувате статусот на инвалидска организација. Каде е тука уставноста. Значи, може да помине илјада работни тела, но важно е ако стави стоп Уставниот суд. Не смееме да донесуваме закони што имплицираат макар и на минимална дискриминаторска адреса, а токму тоа е ова. Ете, затоа говоревме за паралелизмот кој во овој момент дефакто доколку го гласаме законот и ќе го озваничиме. Значи ве молам, конкретно прашање, не мислите ли дека е дискриминаторска одредбата согласно по еден закон пет лица можат да се здружуваат и зошто ги привелегирате, давам пример лицата љубители на шах доволно се пет, согласно законот да поднесат пред Централниот регистар и да добијат регистрација на здруженија на граѓани, а лицата со хендикеп треба да исполнуваат еден куп формалности, еден куп бирократски процедури, за вие како министер да им го доделите статусот инвалидска организација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер за труд, контра реплика, повелете.

**Љупче Мешков:** Почитуваната колешка Бендевска, често пати милува да каже некои работи кои јас не сум ги кажал, но добро не е битно. Сега јас не реков дека очекував амандмани, секој предлагач е полагоден кога нема амандмани. Јас реков дека нема амандмани, доколку имаше амандмани ќе расправавме по тие предлози што ги кажа колегата. Ќе расправавме, дали ќе ги усвоевме или не, е сосема друго прашање. Значи не реков очекував, туку реков, нема такви амандмани. Се разбира секој закон кој и да го предлага секогаш може да биде подобар. Дури и почитуваната колешка кога би предложила еден закон, за кој јас сум убеден ќе биде одличен, секогаш има шанси и начини да се подобри и да биде подобар. И во законот е долната граница кажана, значи, не одредува министерот кој ќе има статус, туку одредува законот. Во законот е кажана таа долна граница, а такви минимални одредби ќе ви набројам во сто закони во кои пишува, најмалку толку, најмалку толку, како минимален цензус за да се оствари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, господин министер.

Слушајќи ја денешната дебата по однос на Законот на инвалидски организации да бидам

искрен лично добив чувство дека треба да се вклучам во расправата и да учествувам во оваа дебата, слушајќи ги внимателно сите колеги со голем дел од нив би рекол би се сложил и можеби нешто ќе повторам што и тие го рекоа. Би сакал да кажам дека овој закон е влезен дури на втори јули во собраниска процедура и помина долг период од тогаш до денот односно денеска кога и реално расправаме за ова решение. Значи, резерви имаат и оние кои го подржуваат, резерви имаат и оние кои условно имаат негативно, така да се изразам, мислење по однос на ова законско решение. Но јас ќе говорам и од свое име, и на крајот ќе го кажам ставот на нашата пратеничка група. Значи, ова решение, овој обид на Владата лично го гледам како начин да се хомогенизира оваа категорија, оваа група на граѓани што подобро за да може преку ова да ги бори своите интереси. Претпоставувам Владата увидела дека преку основниот, односно преку Законот за здруженија на граѓани на кој во најголем дел се повикува и ова решение не ги дало потребните цели, односно не ги исполнило потребните цели за кое е формирано, барем јас тоа така го разбирам. Јас тука би тргнал во делот на образложението односно оценката за состојбите во законот каде што велите: со формирање на нови здруженија, не се подобри состојбата на лицата со инвалидност и нивните организации, туку напротив голем број од новоформираните здруженија на лицата со инвалидност се формирани за задоволување на најразлични интереси. Цитирам: а за жал, најмалку за интересите на лицата со инвалидност. Значи кога вие ова го пишувате во оценката во образложението на законот, тогаш се остава и кај мене претпоставувам и кај редица други колеги пратеници, чувство дека има сериозни злоупотреби на тој закон. Тогаш значи државата траба сериозно тоа да го сфати и да го санкционира. Јас ќе речам неколку пластични примери, ако ние навистина како држава, како Парламент сакаме да помогнеме на оваа група на граѓани, би било чесно и коректно од наша страна да имаме што повеќе дебати овде во Собранието за оваа категорија на граѓани бидејќи според мое сознание бидејќи е ова моја петта година во Собранието ова е трета дебата која ние ја отвараме за оваа категорија на граѓани. Преку првата иницијатива за која и вие спомнавте почитуван министер од полиоплус кој собра над 16 илјади потписи за да донесе во собраниска процедура закон за потребите на оваа категорија на граѓани во Република Македонија, кој не го доживеа конечниот епилог. За жал, не го доживеа. Сега е добро да продолжат тие разговори за да се најдете на едно исто рамниште. Значи, јас можам само да кажам бидејќи и ние како држава и како Парламент треба да бидеме одговорни и да кажеме чесно дека многу ретко во Собранието отвораме дебата за оваа категорија на граѓани. Но, знаете тоа е наш пропуст. Можеби недоволно сите овде поединци не чуствуваат да ги отвараат тие прашања, не чуствуваат таква волја да ги отвараат тие прашања. Затоа, вие овде го говорите словенечкиот пример, бидејќи еве Словенија е таа која има ваков закон и по примерот на Словенија и добро е да ја следиме Словенија. Меѓутоа знаете Словенија е многу напред во однос на нашето размислување по однос на оваа категорија на граѓани. Да се спуштиме малку подолу, потоа да го земеме хрватскиот пример, можеби и за тоа треба да се размислува. Бидејќи во моментот Република Македонија, Собранието на Република Македонија има дебата за изборниот законик по примерот на Хрватска, каде што Хрватска има еден претставник од оваа категорија во самиот Парламент кој редовно иницира идеи за потребите на оваа категорија на граѓани. И можеби ако ние условно во изборниот законик за кој се води сега дебата или е прекината ако сакате дебатата во Собранието, да им дадеме шанса да имаат свој претставник овде и најреално да се бори нивниот претставник овде, да ги наметнува идеите и потребите на таа категорија. Тогаш можеби и самата свест кај нас како колеги пратеници ќе биде на повисоко ниво. И во контекст на тоа, еве Собранието направи добар исчекор напред. Новите градежни решенија во Република Македонија веќе одат чекор подалеку и прават простор, шанса на терен да им се даде можност на овие луѓе да се чуствуваат нормално. Значи, да се чуствуваат нормално. Меѓутоа, ако Владата тргне сериозно во санкциите кои произлегуваат од разни законски норми, тогаш ќе треба и овде пред Собранието кога се злоупотребува паркинг местото за оваа категорија на граѓани да се реагира. Или ако земете во Рамстор или било каде, каде што со новите градежни решенија постои можност да ги обавуваат своите секојдневни потреби. Бидејќи јас тоа гледам со ова решение кое вие сега го нудите. Тоа гледам дека да можеме да ги подобриме секојдневните услови за живеење на овие граѓани.

Овде вие сами кажувате, се организирале, правеле согласно Законот за здружение на граѓани, а нема ефектива од тоа. Значи, имало само злоупотреби, како што овде се толкува во самите оценки по однос на ова законско решение. Добро кажувате на почетокот дека тие здруженија имале обврска да си помагаат самите на себе. Но, колку тоа резултирало во пракса, покажува и самиот факт.

Затоа, повторно ќе го кажам примерот на Хрватска, само ќе се сетам на еден разговор на еден наш европски колега во Парламентот во Стразбур, рече дека во Република Македонија многу ретко се води дебата во европскиот Парламент. Треба да има погоелма иницијативност и од самите нас.

Аналогно кога ќе се земе тоа на овој пример, тогаш овде треба што почесто да имаме дебата и да потсетуваме на потребите на оваа група на граѓани во Република Македонија.

Почитуван министер,

Ова беа на кратко некои  мои сугестии и видувања на овој законски проект. Како пратеничка група даваме подршка на ова законско решение, меѓутоа еве вие, како извршители, како извршна власт отпочнете сериозно со тие санкции. За да навистина оваа категорија на граѓани се чувствуваат достоинствено овде во Република Македонија. Да им го отвориме патот на нивното секојдневно реално живеење и функционирање на целата територија на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам

Повелете господине министре, имате збор.

**Љупчо Мешков:** Повеќе не како реплика, туку како дообјаснување. Во образложението на законот велиме дека многу од тие здруженија се формираат за други потреби, а најмалку за овие. Не би требало и не смее да се свати за криминогени дејанија или дејствија, туку поентата е да кажеме дека најмалку некој од нив се формирани за ова. Никаде не кажуваме за криминални дејствија или криминални работи. Можеби некаде има и такви, но не е тоа интенцијата на образложението.

Инаку, што се однесува до вториот закон што го спомнав, ќе ви кажам дека во понеделник во 11,00 часот, од низата средби со ПОЛИО е закажано средба на која исто така се усогласува текстот, меѓутоа, морам да ви кажам дека овој закон е прашање од меѓуресорски карактер. Законот не е исклучиво на Министерството за труд и социјална политика. Тука се и други министерства. Затоа можеби малку, не малку можеби повеќе се одолжи оваа работа, но имаше одредени сложени решенија што требаа сега да се најдат некои заеднички ставови по тие решенија. Затоа законот сеуште не е во Собрание, а ќе биде сигурно многу брзо, затоа што веќе ставовите воглавно се усогалсени по текстот на тој закон.

Се разбира дека и како Министерство и Собранието води сметка и треба во иднина многу повеќе да води сметка за интересите на овие лица. Една од тие работи што се расправаше беше изградбата на тие пристапни рампи во локалните самоуправи, за лица кои не можат без помош на помагала да се движат. Таа работа веќе ја спроведува и Валдата, односно и со финансиски средства и заедно со Министерството за локална самоуправа се спроведуваат такви решенија преку обезбедени средства во програма, со што ќе им се олесни пристапот на овие лица, да можат институциите да им бидат полесно достапни преку такви пристапни патишта, рампи и т.н. Што е многу малку, се разбира, па затоа се согласувам со коелгата пратеник дека навистина е потребно во наредниот период за овие лица д анаправиме што е можно повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине министре.

Господине Анастасовски, повелете една минута.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам претседателе.

Јас му благодарам на министерот за дополнителното образложение што го даде по однос на некои дилеми.

Само да кажам дека јас не употребив термин криминални или криминогени. Го цитирав делот во оценките и образложението каде што се говори и врз база на тоа кај себе констатирам дека се правеле или се прават одредени злоупотреби, што не мора да значи дека тоа е конечно. Тоа е само мое размислување. Се знае кој тоа може да го утврди. Тоа е само мое размислување. Јас не употребив криминални, криминогени, не сакам таков термин да употребувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Госпоѓо Бендевска имате збор, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам, само минута.

Бидејки на конкретни децидни прашања не добив конкретен и дециден одгово род господинот министер, можам конечно да заклучам дека министерот инсистира законот да се носи во една фаза.

Моето прашање, секако до вас како претставник на Влада, се разбира, не станува збор дека е ова ваш личен предлог, меѓутоа за жал, иако промовирате колективна одговорност, како што зборував пред малку, моето прашање до вас е, кажете до колку овој закон помине на Собрание, а биде оспорен од Уставниот суд, колективно ли Владата ќе ја понесе одговорноста или лично вие како минситер за труд и социјална политика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам

Има збор господинот министер, повелете.

**Љубчо Мешков:** Само да одговорам, бидејки најмалку сакам да и останам должен на колешката.

Уставниот суд само ќе каже дали овој закон е во согласност со Уставот или не е во согласност. Не казнува, не бара одговорност. На друг начин се бара одговорност. Не знам за каква одговорност зборува, бидејки идос ега и во минатиот состав на Владата и на Собранието, многу закони паднале како нруставни. Не знам за каква одговорност зборува.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Повелете госпоѓо Бендевска, Парламентот е за дијалог.

**Весна Бендевска:** Се разбира.

Говорам за одговорност, Собранието да троши време на закони кои Уставниот суд ќе ги прогласи за неуставни. Одговорноста е сериозна. Доблесно е и морално, говорам за политичка одговорност, не за било каква, само за политичка одговорност...

(Министерот дофрла од место).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, без дијалози, ќе добиете збор.

**Весна Бендевска:** Кажував за промовирањето на колективна одговорност. Од 2 јули, денеска доаѓа на дневен ред, за жал. Јасно е дека Собранието е

блокирано со огромен број на закони и предлози. Но конкретно, за Законот за инвалидски организации, бидејќи јасно укажувавме дека сметаме дека нема уставност, односно е спротивен на Уставот, некој ќе треба да има доблест да понесе политичка одговорност заради задржување на Собранието и трошење време наместо на сериозни европски закони, на закон што ќе биде оспорен од Уставниот суд на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за инвалидски организации.

Сега ги повикувам пратениците кои сеуште не се во салата да ги заземат своите места.

Прогласувам 15 минути пауза за кворум, затоа што треба каскадно да гласаме. Имаме две или три гласања.

(По паузата)

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зашто преминуваме на гласање.

Поради партиски активности на определени пратеници од Парламентот, секој во своите пратенички групи, овде ја прекинувам денешната седница.

Следната седница ќе биде во понедленик, ми се чини  новата седница, како што е закажана. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 13,49 минути)